*ДЕСАНКА МИЉОВСКА*

# УШТЕ ЕДНАШ ЗА ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИТЕ УСЛОВИ И КАРАКТЕРОТ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Како што е познато Илинденското востание на македонскиот народ и приликите што владееле пред тој период како и во времето на неговото избувнување станале предмет на изучување на многу историчари, правници и на по некој социолог. Благодарејќи на тој широк интерес собрани се многу материјали коишто се однесуваат на конкретните настани особено на оние во Битолскиот вилает и тоа ги збогатило нашите сознанија за широчината и организираноста на движењето како и за самопрегорот на народот да се истрае во борбата како против отоманскиот поробувач така и против тежненијата на владите на веќе ослободените балкански земји (Србија, Бугарија, Грција) да заграбат поголем дел од таа сè уште неослободена словенска земја — Македонија.[1]

Овие насобрани материјали укажуваат на широката обесправеност и длабоката економска исцрпеност на сите слоеви на македонскиот народ од селото и градот со што може да се објасни и широката поддршка што масите му ја давале на националноослободителното движење што довело до Илинденското востание.

---

Овој труд претставува обид во кондензирана форма да се изнесат аргументите коишто се однесуваат на општествено-економските услови во кои се наоѓала Македонија во предилинденскиот и илинденскиот период. За овие услови ние поопширно сме пишувале во: „Две развојни етапи во економско-општествениот развиток на Македонија во XIX век", Гласник на Институтот за национална историја, Год. VII, бр. 2, стр. 35—79, Скопје, 1964; „Класна структура македонског друштва у другој половини XIX века", Југословенски историјски часопис, бр. 1—2, 1966, Београд, стр. 101—126; „Економски основни друштвене структуре македонских градова у другој половини XIX века", Годишен зборник на филозофскиот факултет, Кн. 15, 1963, Скопје, стр. 51—120; „Neke tendencije razvitka klasnih odnosa u makedonskom društvu u drugoj polovini XIX veka", „Pregled", Sarajevo, 1964;

[1] Види: М. Пандевски: „Илинденското востание во Македонија 1903", Скопје ИНИ, 1978; М. Пандевски: „Внатрешната македонска револуционерна организација во борба за национално-политичко единство на македонските маси во периодот до Илинденското востание", Гласник на Институтот за национална историја, Год. XII, бр. 2, 1968; Д. Димески: „Македонското национално ослободително движење во Битолскиот вилает (1893—1903), Студентски збор, 1981; Хр. Андонов Полјански: „Гоце Делчев и неговото време", I—VI, Култура, Скопје, 1972: Во „Прилози за Илинден", „Десет дена на Крушевската република", I—V, направени се обиди за извесно пошироко ситуирање на национално-ослободителната борба на македонскиот народ и Илинденското востание;

Но овој насобран материјал и наметнува на историската и социолошката наука да направи нови продори во научното објаснување на оние специфичности со кои се карактеризира овој период од развитокот на македонското општество и да ги изнесе на виделина сите посебности што го карактеризираат општествено-економскиот развиток на Македонија во XIX век. Ако не се воочат и истражат овие специфичности не ќе можат да се разберат ни посебностите што се изразиле во будењето и во ширењето на националната свест во средните слоеви на македонското општество а којашто преку учителите и другата интелигенција се ширела и на село и довела до национално созревање на македонските маси што кулминирало во Илинденското востание.

Поедноставената теза дека капиталистичките елементи што почнале да се јавуваат во Македонија во овој период нужно довеле до појавувањето на буржоазијата и дека таа станала двигател на Илинденското востание останува беспомошна пред фактот дека најактивен дел, како во организацијата ВМРО, така и во самото востание беа селските и занаетчиските градски маси, како и интелигенцијата. Македонската буржоазија (онолку колку што се оформила) нешто поактивна улога играла во триесеттите до шеесеттите години од XIX век а како активен чинител скоро ја нема во периодот на заостренатa борба на македонските маси за ослободување од турскиот јарем. Зошто? — Затоа што нетурската, потчинетата македонска буржоазија како целина не дошла во текот на XIX век до своето јасно формирање, зашто не успеала доволно јасно и доволно широко да се конституира како модерна класа, како индустриска буржоазија. Тоа е и нејзината основна слабост и тоа главно го определило нејзиното општествено битие и нејзиното политичко однесување.

Но пред да го оформиме заклучокот за тоа кои се носителите на Илинденската револуција да ги проанализираме фактите што многуте истражувачи на овој период ни ги оставиле[2]. Тие укажуваат на следното:

Од крајот на XVIII век па се до седумдесеттите години на XIX век, Македонија одела по пат на извесен економски развој кој се изразувал во поживата внатрешна размена, во поцврстото поврзување со странските пазари, во појавувањето на првите капиталистички кооперации и манифактури, во оживувањето на занаетчиското производство, во засилувањето на стоковото земјоделско призводство. Овој прогрес бил релативно бавен, понекогаш прекинуван со стагнација, дури и со назадување, заради тоа што се одвивал

[2] Види: Д. Миљовска: Две развојни етапи во економско-општествениот развиток на Македонија во XIX век, Гласник на Институтот за национална историја, Скопје, 1964, год. VII, бр. 2, стр. 35—79.

во рамките на еден феудален систем од посебен вид, во една многународна држава во која прогресивните социјални сили израснувале од средината на обесправените народи, а владеачкиот народ ги давал конзервативните општествени сили.

Неколку години по Кримската војна, поточно некаде помеѓу оваа и Руско-турската војна (1860 до 1878 година) се прекинува нагорничавата линија на општествениот развиток во Македонија и настанува едно општо влошување на економскиот живот што доведува до поинакво разместување на општествените сили: доаѓа до остри социјални судири, кои прераснуваа постепено во револуционерни реакции и завршија со Илинденското востание. Причината за прекинување на оваа блага нагорничава линија ја наоѓаме во актот со којшто Отоманската империја широко ги отвори вратите за стоковиот и финансискиот европски капитал, и којшто големата Отоманска империја ја деградирал на степен на колонија „de facto" иако привидно и формално таа останала независна држава.

Реформите што отоманската управа ги презела и правела во овој период биле замислени да внесат повеќе ред и законитост во функционирањето на државните установи. Меѓутоа, пресадените европски форми на отоманската државна организација не можеле да го попречат разлагањето што го потхранувала заостанатата економика, сè посилно изразената колонијална положба на Турција, и традициите што се спротивставувале на тие измени. Овие реформи во однос на положбата на селаните доведуваат до такво влошување кое се граничи со стопанска исцрпеност, напуштање на земјата и бегање на печалба.

Со низа законски акти во текот на XIX век се менува односот меѓу селаните — чифлигари и феудалците. Спахиите се претвораат во чифликсајбии, што ќе рече од претставители на султанска сопственост се претвораат во приватни сопственици кои на стариот облик на феудалната рента — десетокот, му додале други облици изразени во наполицата и кулукот.

Со реформите чифликсајбиите всушност осигурале поголема самостојност во однос на државата, и во регулирањето на нивните односи со чифчиите. Врз основа на вака оформените односи, чифликсајбијата до таа мера ја злоупотребува својата економска и политичка сила што своите барања од чифчиите постојано ги зголемува, а за што пред никого не бил одговорен. Така се здружија државната администрација (зголемените расходи требаше да се покријат со убирање на постојано зголемените даноци) и чифликсајбиите (нивните потреби растеа во онаа мера во која натуралното стопанство

се претвораше во парично) и се струпаа на селанецот — чифчијата, доведувајќи го до потполна економска исцрпеност.[3]

И порано феудалецот—спахија го експлоатирал селанецот, меѓутоа тој се јавувал и како заштитник на чифлигарите во однос на самоволието на чиновникот, на ексцесите на правоверните силеции и претераните барања на разбојниците. По Кримската војна афирмацијата на парите како сеопшт еквивалент добива сѐ поголеми размери, зошто за него може да се добие сѐ што се сака, а обемот на стоките од занаетчиско и индустриско потекло бил многу зголемен со увозот на луксузната индустриска стока од развиените капиталис-

---

[3] За ова најречито зборува едно протестно писмо на селаните од селото Буф, Леринска каза, од 1906 година. Еве го писмото:

„Екселенцијо,

Потпишаните, кметот и одборниците од селото Буф, Каза леринска, задолжени од селскиот совет имаат чест вашата екселенција да ја запознаат со следното:

1. Нашето село брои 243 куќи и 2.258 жители од кои 1.193 мажи и 1.065 жени. Дваесет и пет машки отидени се без надеж за враќање, значи остануваат 1.168 машки жители за коишто селото, по последниот закон е должно да плати воен данок по 5.000 пијастри на секој сто жители, значи 116,8 x 5.000, чини 58.400 пијастри. Меѓутоа, локалната власт ни доставила една одлука со која износот се утврдува на 65.850 пијастри, износ кој многу го надминува она што законот го предвидува и бара. Покрај ова, по последната одлука ние треба да платиме и сума од 3.951 пијастри прирез.

2. Данокот на сопственост на зградите (вергија) од 9.854 пјастри исто така е претерано висок, зошто меѓу нас има многу такви што треба да платат двапати или трипати за различни згради, градени во различно време на исти темели. Меѓу нив има многу воденици коишто одамна се напуштени, а за коишто вергијата уште се бара и собира.

3. Порезот на заработувачката (темети) достигнува 300 пијастри и тогаш кога заработката и добивката не ја преминуваа оваа сума.

4. Десетокот за минатата година достигнува 40.550 пијастри, дури порано тој од закупците бил откупуван за 85.000 пијастри што покажува колку системот на закупот ни бил штетен.

5. Освен стариот порез на добиток (беглик) којшто изнесувал 5 пијастри на глава за овци и кози, од минатата година мораме да платиме данок за коњи, маски, крави по 10 пијастри наглава, за магариња 3 пијстриа, за свиња 1 пијастер.

Овој данок на добиток ни паѓа толку тешко што наскоро ќе биде принудени да се одречеме од нашето главно средство за животот: одгледувањето на добиток.

6. Минатата година сме биле принудени да уплатиме 1.080 пијастри помош за болницата во Лерин и 1.400 пијастри за реновираање на жандармериската станица, сѐ 2.480 пијастри. Сумата што за разни обврски ја плаќаме се движи помеѓу 150.000 и **200.000 годишно. Овој** товар е толку тежок за едно село како што е нашето, коешто пред две години било наполно спалено и разурнато, што почнува да нѐ уништува. Секоја година ние се наоѓаме пред дефицит и правиме нови долгови. Поради ова многу селани емигрирале а многумина продолжуваат да одат во најодалечените земји. Не е далеку денот кога и ние ќе бидеме принудени да го направиме истото, ако империјалната влада не преземе навреме мерки за олеснување на овој товар.

Во врска со горното имаме чест покорно да Ве замолиме да се застапите пред почитуваната финансиска комисија да ни дозволи:

1. *Редуцирање на беделот* или барем негово ограничување на пропорции утврдени со законот и укинување на сите прирези.

2. Укинување на двојната и тројната вергија за згради за коишто веќе и досега сме платиле двапати или трипати.

3. Смалување на данокот на напуштените воденици.

4. Смалување барем на половина данок на заработувачката.

5. Запирање на нови даноци на крупен добиток...

Извор: Draganoff: „La Macedoine", Paris 1921, стр. 68—70;

тички држави. За да се добијат пари во поголемо количество, морала да се зголемува и експлоатацијата. Чифликсајбијата се изедначува во експлоатацијата со корумпираниот чиновник и разбојничкиот главатар[4].

Заради губитокот на значајни европски провинции (Босна и Херцеговина, односно Бугарија), како и поради сè поголемите задолжувања кај големите сили, Турција преживува економска криза, која настојува да ја реши со зголемување на даночните обврски на селаните и другите категории што доведува до економско исцрпување на земјата.

Слични процеси може да се проследат и во развитокот на **занаетчиството.** По еден период на расцут на занаетчиството и делумно прераснување во никулци на капиталистички кооперации и мануфактури, настанува опаѓање и брзо разурнување на занаетчиското производство. И тука „системот на капитулации" којшто ширум ги отворил вратите на странскиот стоковен капитал на турските пазари, како и изградбата на железничките линии коишто на овој пробив на странскиот капитал му дале материјално-технички средства да се изрази, наместо да доведе до расцут на занаетчиското и друг вид производство, тој нив ги уназадува и задушува.

Разурнувањето на занаетчиското производство довело до две тешки социјални последици. Од една страна емигрирањето на работното население од градот и селото добило масовни размери, а од друга страна релативниот напредок на македонските градови се заменил со пауперизмот кој, пред сè, ги зафатил занаетчиите. Македонските градови добивале изглед на населби со голем број занаетчии, но со слаб обем на занаетчиското производство. Стопанската летаргија е прв впечаток на сите патописци што ги посетувале македонските градови кон крајот на минатото столетие.

Меѓу занаетчиите во македонските градови, занаетчиите од македонското национално потекло претставувале огромно мнозинство. Така оваа градска ситна буржоазија претставувала не само национално хомогена и мнозинска група на градовите, туку и прва организирана група на македонското општество. Занаетчиите биле организирани во еснафски организации, а овие служеле за одбрана на сталешките интереси, но станувале и носители на општата борба за националната преродба. Оттука е сосема природно што националноослободителното движење и националната преродба се потпирала на оваа општествена сила сè до почетокот на вооруженото востание.

Развитокот на *трговијата* која, пред сè, била ориентирана на промет со земјоделски и занаетчиски производи, најдобро можеме да го следиме низ развитокот на панаѓурите кои ја опфаќале скоро цела Македонија. Тие биле распоредени правилно по една линија, која почнува од нејзиниот северозападен дел (Тетово) од југозападниот дел (Маврово во Егејска Македонија); втората група панаѓури ги опфаќала централните делови на Македонија (Велес, Прилеп, Ка-

[4] Види: Мисирков: „Економските причини на македонското движење во Известия С. Петербурскаго славјанского..., благотворнитего общества, 1903 № 2, стр. 36—37.

вадарци, Еници Вардар); панаѓурот во Серез се наоѓал во центарот на југоисточниот дел на Македонија; четвртата група била распоредена по долините на реката Струма и Места (Неврокоп, Мелник, Свети Врач, Петрич) и ги покривала источните краишта на Македонија. Три панаѓура имале општомакедонско, дури и балканско значење (Серез, Прилеп, Струга). По времето тие биле така распоредени што се одржувале и во зима и напролет и во лето и наесен.

Панаѓурите во Македонија настанале врз основа на територијална поделба на трудот, ја изразувале оваа поделба и ја зацврстувале. Панаѓурот во Прилеп вршел промет со тутун, добиток, кожи, производи од бакар и ќилими; панаѓурот во Серез бил, пред сè, панаѓур на памук, ориз, коноп и изработки од него; панаѓурот во источна Македонија (Неврокоп и други) покрај добиток изнесувале и земјоделски алати од железо; панаѓурот во Маврово бил познат по своите кожени изработки итн.

Покрај стопанското влијание, панаѓурите извршиле уште една важна функција. Поврзувајќи ја Македонија во единствено стопанско подрачје тие помогнале предниот „одред" на тогашното општество — трговците и побогатите занаетчии од различни краишта на Македонија да се поврзат врз база на стопанските интереси. Од ова стопанско поврзување постепено се создала свест за истоветноста на јазикот, обичаите, карактерите, судбата, за националната поврзаност, се изградувала македонската национална свест.

Во втората половина на XIX век почнува исчезнувањето на панаѓурите. Во 1875 година изгаснуваат двата најголеми панаѓури, серскиот и прилепскиот. Другите исчезнуваат неколку години пред или по нестанувањето на овие водечките. Исчезнувањето на панаѓурите било израз на значајните измени во стопанскиот и општествениот живот на Македонија. Традиционалната територијална поделба на трудот сега изгубила секаква важност. Однапред ѝ е наметнат друг вид на поделба на трудот. Македонија и другите провинции на Турција станале аграрно-суровински подрачја за развивање на западноевропските земји коишто веќе имале развиена индустрија. Ваквата поделба на трудот ја олеснила и цариградската влада со укинувањето на царините на увезените индустриски стоки. Македонија била вовлечена во системот на светскиот пазар, но добила улога на производител на суровини. Железниците ја олесниле и зацврстиле оваа поделба на трудот. Сега стопанските текови сосема се измениле: занаетчиското стоково производство се смалило заради неговата замена со индустриските (увезеното), а земјоделското стоково производство било ориентирано кон Солун во онаа мера во која купувачите од западна и централна Европа биле заинтересирани за него.

Како последица на развитокот на стоковото производство а во отсуство на напреден кредитен систем, во Македонија во текот на XIX век многу се развило лихварството. Лихварската стапка била многу висока и често ја надминувала висината од сто насто. Ова лихварење на ситно примало масовни размери и со него се занимавале поголем дел трговци и големопоседниците како и менувачите во поголемите градови. Да земат лихварски заем биле принудени мали-

те трговци и самостојни занаетчии, а често и селаните, кои поради високата каматна стапка најчесто биле доведувани до потполното упропастување.

Натрупаните пари од лихварење по правило не биле ползувани за инвестиции во производството. Лихварскиот капитал, значи, не послужил за развиток на индустријата, не помогнал за организирање на капиталистички земјоделски претпријатија, туку бил натрупуван како богатство, и со тоа бил имобилизиран или употребуван за купување на земја, или се прелевал во трговијата која работела врз база на нееквивалентна размена.

Притоа треба да се истакне дека претставниците на лихварско-паричното богатство биле главно Евреи, Власи, а во јужномакедонските градови и Грци, и само во помалите градови и македонските трговци и големопоседници.

Во почетокот на XIX век се јавуваат и првите облици на индустриски развиток и во 60-тите и 70-тите години од XIX столетие го постигнуваат својот врв. Се создаваат неколку центри на индустриската активност: Охрид и Костур развиваат кожарско-кожуварско производство и формираат мануфактури од 100 до 150 работници; во Велес во исто време се развива масовната преработка на кожи во сахтијан (марокен); и двете подрачја произведуваат за извоз во Венеција, Германија, Австроунгарија; кај Неврокоп се развива производството и обработката на железо во земјоделски алатки коишто се продаваат по целиот Балкан; во Гевгелија, Воден, Енице Вардар се развива свиларската индустрија и поголеми производни претпријатија за изработка на свилен конец. Во Штип била подигната текстилна работилница од поголеми размери.

Ова беше добра почетна основа за побрз индустриски развиток на Македонија. Капиталот што беше вложуван во овие претпријатија беше **домашен**, што ќе рече капитал на Македонци, настанат врз основа на претходниот развиток на занаетчиството и паричната акумулација во трговијата. Значи, настана од една претходно стопанска активност која се зголемува како занаетчиско производство и прераснува во еден нов облик — капиталистичко претпријатие.

Меѓутоа, натамошен пораст на индустриското производство, негова афирмација и консолидација не уследува. Во периодот помеѓу Кримската и Руско-турската војна настанало брутално, брзо и општо уништување на индустриските почетоци и капиталистичките облици на производството. Во македонските градови економскиот развиток се вратил назад за 50 до 60 години. Исклучок претставувал Солун.

Една од причините што придонесле за упропастувањето на индустријата беа сè поголемите даноци што отоманската држава ги наметнувала готово на сите индустриски гранки. Кон ова се придружила и правната несигурност којашто индустријата ја погодила многу поостро отколку трговијата, зошто таа бара сигурност и стабилност на општите услови на стопанисувањето на подолг рок, слобода на личноста и слобода на капиталот. Отоманска Турција ова најмалку можеше да го обезбеди во времето на својот општ упадок.

Меѓутоа, овие неповолни услови дејствувале и во претходниот период како во нешто поблаг облик. Заради тоа се поставува прашањето кои се тие нови фактори кои дотогаш не постоеја, а кои така деструктивно дејствуваа на почетоците на индустрискиот развиток. Тоа беше системот на „капитулациите" којшто овозможи слободен наплив на стоките произведени со модерни средства на производство од европските земји на турските пазари. Овој систем, кој практично значел укинување на увозните царини, го фаворизирал посилниот, помодерниот странски производител над послабиот, уште неразвиен индустријалец — Македонец.

Овие промени доведоа и до ново разместување на жариштата на капиталистичкото производство. Додека во годините од 1865 до 1875 година индустриската иницијатива беше врзана за градовите во внатрешноста на Македонија (Охрид, Костур, Велес, Штип, Гевгелија, Неврокоп) и меѓу индустријалците од разни народности имало и Македонци, дотогаш во вториот период Македонци како индустријалци речиси и не се јавуваат, туку главно, Евреи и Грци, кои биле сврзани за странскиот капитал, а центар им станал Солун. Овој капитал доаѓа однадвор, се ползува со суровините на Македонија, и со пазарот, но не беше заинтересиран да ги развие и унапреди.

## КАРАКТЕРОТ НА ПРОДУКЦИОНИТЕ ОДНОСИ ШТО СЕ ФОРМИРАА ВО МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК

Претходниот материјал укажува на измените што во текот на XIX век настанувале во Отоманската Турција и во Македонија вклучително. Се поставува прашање дали овие измени истовремено значат и замена на феудалните со капиталистички односи. Некои автори се склони во трансформирањето на спахискиот со чифликспахијскиот систем да видат премин од феудалните кон капиталистички односи на село. Оживувањето на трговијата и настанувањето на првите манифактури како и развивањето на надворешната трговија, за овие автори, се доволни елементи за да се заклучи дека во Македонија се развиваат капиталистички односи. Притоа се губи предвид дека никулците на таков развиток што во нормални услови би довеле до капиталистичка структура и капиталистички односи беа беа прекинати и дека како резултат на тоа се создале еден вид бастардни форми.

Чифликсајбиските односи на село донесоа промени во правниот карактер на сопственоста над земјата, но тие и понатаму задржаа елементи на типично феудална експлоатација (разни видови кулук, т.е. трудова рента и други неекономски обврски на чифчијата кон чифликспахијата) што дури сега доаѓаат до потполн израз. Додека кулукот бил ограничен само за потребата на државата при изградба на патиштата, мостовите и по некоја јавна зграда, сега кулучењето на чифликсајбиниот имот претставува составен дел на чифликсајбиските односи. Спахиите го терале селанецот на кулук само кога тоа државата го барала, а сега чифчијата мора да работи оп-

ределен број денови бесплатно на делот од чифликот на сајбијата. Чифликсајбијата со ништо не е ограничуван да бара од чифчијата и нови давања и да ги зголемува востановените. Така доходот на селаните — чифчиии постојано се смалува што доведува до негова потполна незаинтересираност за унапредување на производството. Таков интерес немал ни чифликсајбијата зашто своите зголемени барања тој ги обезбедува со неограниченото заграбување од чифчискиот труд.

Иако во последните децении од XIX век меѓу големопоседниците на земјата гледаме и Македонци, некои поголеми промени во карактерот на производството на овие големи поседи не настануваат. Тие остануваат на предкапиталистичките форми. Земјата се обработува екстензивно, во производството се вложувале незначителни суми, а големи површини останувале необработени. Земјоделските вишоци од ситните парцели ги задоволуваат потребите на многу ограничениот пазар. Земјата била купувана зашто тоа бил најсигурен начин да се зачува богатството создадено со лихварењето и трговијата. Недостига развиен капиталистички пазар способен да повика на живот еден нов начин на производство во земјоделството. А недостасуваат и други општествено-политички услови за ваков развиток.

Во Македонија имаме капитал, меѓутоа трговски и лихварски капитал, значи „препотопни" облици на капитал. А за да имаме капиталистичко производство потребен е не само трговски и заемен капитал, ами пред сè индустриски капитал. Без овој, последниов нема капиталистички начин на производство. Без него растежот на трговскиот капитал означува само подготвување на капиталистичкиот начин на производство. Тука пак исклучок претставува Солун, каде што се развиваат неколку Евреи сопственици на фабрики. Значи:

— трговски и лихварски облици на капитал преовладуваат, индустрискиот не се одржал ниту се развил;
— неземјоделското производство во градот е исклучиво занаетчиско и по карактерот и по обемот;
— во земјоделското производство доминираат феудални поседи кои ги задржале облиците на неекономска принуда, ситноселското производство има натурален карактер;
— пропаѓањето на феудализмот потрајало скоро еден век, токму заради тоа што неговиот наследник капиталистичкиот начин на производство бил уништен пред да се зацврсти и заради тоа што ова се вршело под влијание на надворешните фактори.

Така излегувањето на феудализмот од историската сцена се претвори во тешко разлагање на целиот систем, во гниење на вкупниот општествено-економски организам. Во рамките на турската држава значи, не започна борбата помеѓу двата система; феудализмот како економски систем се распаѓал, но уште бил тука; капиталистичките односи, како негова замена и офанзивен фактор скоро не постоеја; однадвор делува капитализмот, но се јавува во својот најлош вид — во колонијалниот вид. Однатре делува еден политички фактор

(не млад економски систем): незадоволството и очајот на масите што се претвораат во гробар на стариот систем во распаѓање.

Така она што како општествен систем превладува во Македонија во предилинденскиот период тоа е особен облик или посебен стадиум на феудализмот кој се декомпонира и распаѓа, но кој не дозволува во неговите недра, да се развие наследник, ами во своето гниење и него го уништува.

## УЛОГАТА НА ВЛАДЕЈАЧКАТА НАЦИЈА ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ ИЗМЕНИ

Од анализата на фактите до кои сме дошле во нашата истражувачка работа можело да се утврди:[5]

— дека меѓу Турците немало експлоатирани слоеви: кметови, момоци, модерни пролетери;

— дека меѓу нив имало релативно мал процент на работни, неексплоатирани слоеви: селани и занаетчии;

— дека Турците одвај забележливо се јавуваат како парични капиталисти во неговите прастари облици: трговци и лихвари, и поради тоа отсуствува можноста кај нив да се натрупува капиталот кој би можел да послужи како појдовна основа на капиталистичкиот начин на производство. Италијанскиот патеписец и публицист Бјанкони[6] наведува многу мал број трговци и незнатен број лихвари од турско потекло;

— скоро наполно отсуствуваат капиталисти — Турци во сферата на производството, во мануфактурите, фабриките, експлоатацијата на рудниците, значи отсуствува модерната буржоазија во вистинската смисла на зборот;

— најзастапени се како земјопоседници, бирократи и офицери;

Овие факти го објаснуваат општествено-политичкото однесување на владеачката етничка група, односно одговорот на прашањето зошто во XIX век не била возможна една успешна буржоаско-демократска револуција со потпирање на турската етничка група, и зошто Младотурската револуција во почетокот на XX век била со краток здив и не прераснала во првата буржоаска револуција. Нејзините носители биле некои понапредни кругови од офицерите, но таа немала сигурна социјална база во една општествена класа од буржоаски тип која во крилото на турскиот народ уште не се изразила. Отсуството на турската буржоазија го објаснува и неуспехот на многубројните реформистички обиди во Турција во текот на XIX век. Зад овие обиди не стоела една класа материјално заинтересирана за нивното спроведување и готова да се заложи и да ги прими сите ризици на борбата за нивното реализирање. Така движењето за реформи се јавувало како егзоген фактор независен од постојаната општествена структура.

---

[5]) Д. Миљовска: Види: „Класна структура македонског друштва у другој половини XIX века" Југословенски историјски часопис, бр. 1—2/966, Београд, стр. 101—126.

[6] Bianconi: Cartes commerciales: Turquie d'Europe, Paris 1888.

## МЕСТОТО НА БУРЖОАЗИЈАТА ВО МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА ОД XIX ВЕК

Обемот и висината на капиталот (трговскиот пред сè) кој постоел во Македонија, како и тоа како тој бил распореден меѓу буржоазија од различни националности покажуваат дека најмалиот дел ѝ припаѓаше на буржоазијата од македонското потекло. Прво место им припаѓаше на Евреите, потоа на Власите, Грците и најназад на Македонците.[7]

Кога треба да се определи улогата на буржоазијата во национално-ослободителната борба, а особено во периодот кога оваа попримила остри форми и постепено се претворала во вооружено востание против турскиот господар, ова народносно диференцирање на буржоазијата во Македонија е од извонредно значење.

Национално-ослободителното движење можело да се потпира само на македонската буржоазија, која претставуваше најброен дел од буржоазијата во Македонија, но која не беше и најзначаен фактор во поглед на економската сила. Треба да истакнеме дека во Солун македонското граѓанство не претставуваше мнозинство од населението, а во Битола, вториот град по големина, македонската буржоазија по своето економско богатство доаѓаше на трето место, иако по број претставуваше мнозинство.

Така врз основа на анализата на материјалите што за овој проблем сме ги прибрале, доаѓаме до овој заклучок:

— нетурската, потчинетата буржоазија во Македонија како целина не дојде во текот на XIX век до своето јасно формирање, зашто не успеа доволно јасно и доволно широко да се конституира како модерна класа, како индустриска буржоазија. Тоа е нејзината прва слабост и тоа, главно, го определи нејзиното општествено битие и нејзиното политичко однесување.

Но и така неразвиена каква што била, буржоазијата во Македонија не можела класно-политички да ја изрази сета своја сила зашто била национално хетерогена и политички ориентирана во четири главни правци: одржувањето на интегритетот на Турција, вклучување во рамките на грчката држава, приклучување на Бугарија, односно на Србија, создавање независна (автономна) Македонија. Вака различно ориентирана, економски недоволно развиена, таа не можеше да претставува некоја позначајна политичка сила ниту во однос на турската држава, ниту во однос на класите во рамките на македонскиот народ.

Овој дел на буржоазијата кој теоретски требаше да застане на чело на националноослободителното движење економски е послаб од останатите национални буржоаски групи; не толку слаб за да не може да води борба на спореден колосек (против патријаршијата) но доста слаб за директен судир со турската држава.

---

[7] Види: Скрябин: „Политические и економические сведения...", Битола, 1885, стр. 60.

Од оваа слабост потекнува губењето на самостојната улога на буржоазијата и нејзиното врзување за бугарската, односно српската буржоазија, но не така цврсто за да не би можела да прифати и алтернатива на македонска држава доколку некој друг ја создаде (Русија, балканските и словенските држави, автономност во рамките на турската монархија).

## КАРАКТЕРОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА

Револуцијата имала карактер на националноослободителното вооружено востание, а не јасно изразен карактер на буржоаско-демократска револуција. Националниот карактер се изразувал во тоа што **сите** класи и **сите** општествени слоеви на потиснатиот народ биле заинтересирани за уривање на турското владеење и уривање на феудалниот систем, а за национално ослободување. Затоа сите класи и сите општествени слоеви се, повеќе или помалку, опфатени со движењето и активни во него. Обратно, сите делови на владејачкиот народ се за натамошно одржување на системот, за зачувување и овековечување на потчинетата положба над нетурските народи. Значи, македонскиот народ во целост бил на револуционерни позиции (со мали исклучоци), додека пак турскиот народ се нашол на страната на управувачката група и заедно со неа изиграл контрареволуционерна улога.

Од ова произлегува дека и македонското богато граѓанство, или буржоазија, во зародиш беше со револуционерното движење, значи против владеечкиот систем на турските господари. Македонската буржоазија има, главно, позитивен став кон националноослободителната борба, за разлика, на пример од бугарските чорбаџии кои биле на страната на турските господари, а против ослободителното движење на сопствениот народ.

Друга работа е колку македонската буржоазија беше готова да се ангажира во борбата која што добиваше сѐ поостри облици на вооруженото востание.

Буржоазијата беше живо заинтересирана за ослободување од турскиот господар, надевајќи се дека во ослободената Македонија ќе ја заземе доминантната општествена положба. Таа очекувала слобода на трговијата, индустријата, правен ред што би обезбедил заграозениот вишок на трудот да се зачува и зголеми. Буржоазијата била повредена во своето „свето" право на оплодување на капиталот, но главно, животите на нејзините припадници беа многу посигурни, а имотот помалку изложен на грабење, уништување и експропријација. Заради тоа таа, како класа, помалку беше готова на жртви, а повеќе наклонета кон чекање и одложување на конечниот судир, повеќе наклонета да тргне по патот кој нема да донесе „автономија", но кој нема да ја изложи на несигурност, жртви и на еден несигурен потфат каков што претставуваше револуцијата која што ја водеа „даскалите — голтаци и вжештени глави на позрелите младинци". Општественото битие на буржоазијата (што ќе рече неј-

зината економска слабост) кај неа формираше свест која многу претпазливо ги бараше најбезбедните патишта за да се добијат полурешенија кои фактички беа најлоши решенија од гледиштето на нацијата, којашто се борела за свој опстанок и политичка афирмација.

Градските средни слоеви веќе четири децении беа изложени на материјално пропаѓање. Сепак, сигурноста на животот не им беше во постојана опасност, особено не во поголемите градови. Но, политичката свест кај овие средни слоеви беше поразвиена, борбените традиции многу посилни, врските со професионалните револуционери многу потесни, организацијата на националното движење многу поцврста. Овие слоеви дадоа многу докази на предаността на движењето, дадоа најголем број жртви во една деценија од развитокот на револуционерното движење. Овие маси беа готови да го понесат големиот дел од товарот, ако вооружената борба ги зафатеше градовите, како што тоа го покажаа граѓаните на Крушево.

Селаните немаа ни безбедност на животот ни сигурност на имотот. Грабежите, убиствата, безаконијата, посегнувањата на честа на семејството, беа секојдневни појави. Заштита немаа од никаде. Селаните затоа беа готови да одат до крај во вооружениот судир, не штедејќи го ни животот на имотот, зашто се бореа за елементарен услов — за самиот живот. Тоа тие и го докажаа на подрачјето што беше опфатено со востанието, како и оние што во останатите делови на Македонија беа готови да се дигнат на борба. Така селаните беа готови најдолго да издржат во борбите, иако победоносната револуција можеби би им дала најмалку.

Што се однесува до интелигенцијата, таа беше прва мета на ударот, така што таа во многу ги делеше страдањата на селаните и средните градски слоеви.

Врз основа на сето ова можеме да го одредиме карактерот на револуцијата, нејзините движечки сили и нејзините носители.

Најнапред, дали револуцијата од 1903 година беше буржоаско-демократска револуција? Ние сметаме дека таа тоа не беше во буквална смисла на зборот и дека вооруженото востание на македонските маси од 1903 година да се дефинира како буржоаско-демократска револуција значи да не се каже ништо битно за неговиот вистински социјален карактер.

Таа не беше типична буржоаско-демократска револуција, зашто буржоазијата играше подредена улога во нејзиното подготвување а скоро никаква улога во нејзиното водење. За револуција да биде буржоаска, буржоазијата би морала да биде нејзин раководител, главна нејзина сила, нејзин „хегемон". Македонската буржоазија тоа не беше заради својата економска слабост, заради слабата поврзаност и заради недоволно развиената буржоаска класна свест, буржоаски погледи на идниот развиток. Буржоазијата тоа не беше и заради тоа што таа на револуцијата на масите и ја претпоставуваше интервенцијата на „ослободените браќа" од Бугарија, односно Србија.

Основна задача на востанието беше укинување на разликите помеѓу народот на господарот и народот — роб, помеѓу една етничка малцинска група која владееше, која што имаше слобода на религијата, јазикот, и етничкото мнозинство кое немаше пристап ни во администрацијата, ни во судовите, ни во војската, кое, практично, беше надвор од законите, кое, како етничка група, беше политички обесправено, материјално експлоатирано, несигурно во својата физичка егзистенција. Во една буржоаско-демократска револуција основно прашање не е положбата на нациите, нивниот меѓусебен однос, ами можноста за најбрз буржоаски развиток. Во револуцијата од 1903 година во Македонија класните разлики беа потиснати на заден план, а на преден план изби судирот на етничката група на господарот и етничката група на рајата.

Зад националните групи можат да се откријат и класните групации, и владејачката нација во извесна мера била и владејачка класа. Сепак, не било возможно да се докаже декаа потчинетата нација претставуваше една единствена работна и експлоатирана хомогена класа.

Заради тоа ќе биде најблиску до вистината ако Илинденската револуција ја дефинираме како востание на потиснатиот народ против владејачкиот систем подржан од владејачкиот народ; како вооружено востание на народот чија основна маса ја сочинуваа селаните и градската ситна буржоазија, чии водачи доаѓале од редовите на интелигенцијата, а како попатен сопатник ја имаа и буржоазијата, со основна цел да го доведат македонскиот народ до рамноправна положба во случај да можела да се осигури коегзистенцијата на двата народа, или протерување на етничкото малцинство на господарот.

Ако револуцијата свршеше победоносно, таа веројатно би ја отворила вратата на еден процес на релативно мирна преобразба кој би довел до создавање на буржоаска општествена структура со поголеми или помали елементи на демократија, со поголемо или помало задоволување на интересите на селанството, веројатно до една буржоаска структура, зашто социјалистичките елементи не биле доволно зрели да извршат посилно влијание.

Илинденската револуција меѓутоа, го има тоа значење што во нејзиното подготвување и изведување созреале оние сили коишто борбата за нови општествени односи и за национална слобода ќе ја продолжат и во други историски услови, ќе ја поврзат со борбата на најпрогресивната класа — на својот народ и на другите југословенски народи и ќе ја доведат до крај. Ако македонскиот народ не го беше стекнал револуционерното искуство на Илинденското востание, неговиот удел во југословенската револуција и неговата улога во создавањето на нова Југославија не би била ни така активна, ни така јасна и категорична. Југословенската заедница формирана од рамноправни народи станала атрактивна сила за сите делови на македонскиот народ и за нејзиното остварување Комунистичката партија на Југославија успеа да ги активира најшироките македонски маси.

*DESANKA MILJOVSKA*

# DES CONDITIONS SOCIO-ÉCONOMIQUES ET LE CARACTERE DE L'INSURRECTION D'ILINDEN ENCORE UNE FOIS


## RÉSUMÉ

Dans le développement socio-économique de la Macédoine au XIX-e siecle existent deux periodes. L'une, suivant ligne legerement ascendante et qui dure jusqu' aux années soixante dir du XIX-e siecle, et l'autre suivant une ligne descendante tres accentuée et qui comprend les trois dernieres decennie du même siecle.

Sous les charges dounières et l'imposition de droit et les taxes d'exportation les premiers entreprises industrielles ont disparu. Les petits magasins d'artisanat etaient ruiné par la concurence et la libre importations des marchandises en provenance des pays ouest europeens. La ville de Salonique fait exeption de cette involution.

Les domaines agraires „affranchis" ne se tranformaient pas en domaines capitalistes, mais en fiefs encore plus abandonnées. C'est le petit propriété du type naturel qui dominait dans la production agricole. Les impots d'etat et l'axploatation du travail des „chifligares" par les proprietaires („chiflik-sajbi") ont contribué a la decadence rapide des paysans et leurs biens.

Le processus de l'industrialisation etant interompu et les premiers usines surtout celle des macedoniens étant ruinées, la classe bourgeoise macedonnienne ne pouvait pas se constituter, elle etait brisé dans son commencement de formation. Autant qu'elle existait dans le domaine de commerce et de l'usure, elle etait tres hétérogène et orienté politiquement vers les directions differents:

1. A sauvegardier l'integrité de la Turquie Ottomane;
2. Au jointement á l'etat grecque;
3. Au jointement á la Bulgarie ou à la Serbie;
4. A la realisation d'un etat macedonien independant (autonome);

Ainsi divisé et orienté au direction differents, insuffisement développé en sens economique, la classe bourgeoise ne pouvait pas representé une puissance politique très considerable ni envers l'état Turque ni envers les autres couches de la structure sociale du peuple macedonienne. Elle n'etat pas prète de l'angager dans une lutte rude et dure contre la domination ottoman.

Les couches sociales qui appartenaient a la petite bourgeoise des viles (les artisants et les petits commerçants) étaient exposés à la declination qui durait quatre decenie déja. Mais quand même la securité de leurs vies n'etait pas exposé au danger comme c'etait celle des villageois. La conscience politique et nationale chez eux etait assez evolué, les traditions combatifs plus fortes, les liaisons avec les revolutionaires profesionnelles plus ferme et l'appartenance a l'organisation du mouvement revolutionaire plus grande. Si la lutte armée englobait les villes, comme c'etait le cas de Kruschevo, ils y participeraient certainement en grand nombre.

Les paysans n'avaient pas ni securité, ni sureté de la vie, ni de la propriété. Les faits quotidiens etaient les masacres, les actes illegales de la part des administrateurs, des deshonnétetés des familles etc. Ils ne pouraient pas compter sur la protection de persone, de l'administration au moins. C'est pour cela que paysans etaient prêts d'aller jusqu'a la fin dans la lutte armeé, n'epargnant pas ni leur propriété, ni leur vie, parce-quils luttaient pour les conditions elementaires de la vie. Et c'etaint les paysans qui ont été les plus actifs et les plus nombreux dans la ressurection d'Ilinden 1903.

Les intelectuels qui, en general, venaient des ces couches des paysans et de la petite bourgeoise, etaient organisateurs de la lutte et membres de la direction d'organisation revolutionaires.

D'apres cette analyse nous pouvons conclure que la revolution macedonienne de 1903 n'etait pas une revolution bourgeoise typique comme on la traite tres souvent et à la legère. Elle etait plutôt l'insurrection armée du peuple macedonienne contre le system ottoman. Si la revolution reussirait, elle ouvrirait certainment la porte a un processus qui par une transformation tranquille ammenerait au changement de la structure sociale, c'est à la structure sociale du type bourgeois.